Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ –

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и “Службен весник на РСМ” бр. 97/19 и 116/21), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ

**за избор на член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите за областа Родова еднаквост**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавниот повик за избор на член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите за областа Родова еднаквост, објавен на 10.1.2022 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (24.1.2022 година) пристигнати се пријави за 5 кандидати.

Не е комплетна документацијата на: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, Скопје (не е пополнет образецот за пријава, во статутот нема дејности и цели во областа Родова еднаквост, од доставените документи не може да се утврди дали кандидатот ги исполнува условите од јавниот повик), Здружение Центар за промоција на оддрживи земјоделски практики и рурален развој ЦеПроСард, Скопје (не е пополнет образецот за пријава, од доставените документи не може да се утврди дали кандидатот ги исполнува условите од јавниот повик) и Здружение на Јавни Службеници на Северна Македонија, Прилеп (не се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик, не е доставен извештај за работа со цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години, во статутот нема дејности и цели во областа Родова еднаквост, од доставените документи не може да се утврди дали кандидатот ги исполнува условите од Јавниот повик).

При административната проверка на пријавите се утврди дека пријавите на следните здруженија ги исполнуваат условите од Јавниот повик: Мрежа на жени за нови политики Мрежа ИДЕМ Скопје и Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје.

## II. ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ
**за избор на член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите за областа Родова еднаквост**

Се повикуваат сите активни организации регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, да го дадат својот глас **само за еден кандидат, во областа што е идентична со областа на дејствување на организацијата,** согласно нејзиниот статут.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на **Образец за гласање**, достапен на следниот линк www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само еден кандидат од следната **Листа на кандидати.**

| **Број** | **Име и презиме на кандидатот** | **Име на здружението / фондацијата што предлага кандидат** | **Биографија и Мотивациско писмо** |
|---|---|---|---|
| **14. Заштита на животната средина** | | | |
| 32-1/2 | Весна Попоска | Мрежа на жени за нови политики Мрежа ИДЕМ Скопје | Прилог |
| 32-1/3 | Марија Савовска | Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје | Прилог |

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се **активни** согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кои гласале во област на дејствување што не е предвидена во нивниот статут.

**Рокот за гласање е до 15 февруари 2022 година**.

Пополнетиот **образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат,** со копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се достават преку пошта, на адреса:

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. “Илинден“ бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидат за член во Советот“.

или **скенирани** да се достават по електронски пат на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови.

Во случај кога има два прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.